# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОПШТА ОДГОВОРНОСТ КОН ТРЕТИ ЛИЦА И ПРЕДМЕТИ – ПРОШИРЕНА ФОРМА


1 Договор за осигурување (Осигурување по основа на датум на штетен настан) ... 3
1.1 Осигуреник ... 3
1.2 Осигурен случај ... 3
1.3 Клаузула за сериски штети ... 4
1.4 Штети ... 5
1.5 Имотна штети ... 5
1.6 Телесна повреда ... 5
1.7 Последователна економска штета ... 5
2 Промени во ризиците во дејноста на осигуреникот ... 5
3 Територијална покриеност ... 6
4 Период на осигурително покритие ... 6
5 Лимити на одговорност ... 6
5.1 Агрегатен лимит ... 6
5.2 Подлимити ... 6
5.3 Франшиза ... 6
5.4 Трошоци за одбрана ... 7
5.5 Трошоци за спасување ... 7
6 Исклучоци ... 7
6.1 Намерни дејства ... 7
6.2 Осигуреник/ци ... 7
6.3 Парични казни, казни и штети ... 8
6.4 Договорна одговорност ... 8
6.5 Одговорност на работодавец ... 8
6.6 Практики поврзани со работен однос ... 8
6.7 Надомест на работници и други слични законски одредби ... 9
6.8 Закони или права за интелектуална сопственост ... 9
6.9 Воздухоплови, моторни возила или пловила ... 9
6.10 Имот на чување или под контрола на осигуреникот ... 9
6.11 Подвижен и неподвижен имот ... 9
6.12 Оштетување на производ или работа на осигуреникот ... 10
6.13 Загуба од употреба на материјален имот ... 10
6.14 Воздухоплови, автомобили, жичници, гондоли, воздушни летала, железнички производи ... 10
6.15 Повлекување на производи, работа и на оштетен имот ... 10
6.16 Гаранција за производ ... 10
6.17 Неодобрена стока или производи ... 10
6.18 Тутун ... 11
6.19 Азбест, силикон ... 11
6.20 Електромагнетни и магнетни полиња ... 11
6.21 Радиоактивност ... 11
6.22 Биолошки агенси ... 11
6.23 Генетичко оштетување и генетски модифициран организам ... 11
6.24 Постепена емисија ... 11
6.25 Загадување ... 11
6.26 Војна и чин на насилство ... 12
6.27 Тероризам ... 12
6.28 Директори и раководители ... 13
6.29 Чисто економски загуби ... 13
6.30 Сајбер ... 13
6.31 ПФАС ... 13
6.32 Испарувања ... 13
6.33 Токсична мувла ... 13
6.34 Писмена и усна клевета ... 13
7. Услови ... 13

7.1 Плаќање на премија и важење на покритие....14
7.2. Обврски на осигуреникот во случај на штета, отштетно побарување или тужба....14
7.3 Контрола на отштетни побарувања....15
7.4 Суброгација....15
7.5 Друго осигурување....15
7.6 Ослободување на осигуреникот од одговорност....15
7.7 Последица од неисплата на премија....15
7.8 Примена на закон....16
7.9 Законски прописи....16
7.10 Арбитража....16
7.11 Измени....17
7.12 Валута....17
7.13 Обнова на осигурување....17
7.14 Полиса....18
7.15 Услови за осигурување....17
8. Проширувања....17
8.1 Одговорност за животната средина....17
8.2 Меѓусебна (вкрстена) одговорност....21
8.3 Имот на чување или под контрола на осигуреникот (кога се работи на имотот)....21
8.4 Проширено покритие за одговорност за производи во врска со деловни односи меѓу правни субјекти....22
8.5 Чисто економски штети поради непредвидени пречки....24
8.6 Чисто економски штети....25
8.7 Штети на подвижен имот на којшто се работи....26
8.8 Штети на неподвижен имот на којшто се работи....26
8.9 Штети на изнјамени (не закупени) објекти или простории ( одговорност на закупец)....27
8.10 Подизведувачи....27
8.11 Проширена територија на покритие ( Европа)....27

**1 Договор за осигурување (Осигурување по основа на датум на штетен настан)**

Доколку се плати премијата, а врз основа на сите изјави и сите податоци што осигуреникот му ги доставил на осигурувачот, како и во согласност со условите и ограничувањата од овие услови , осигурувачот и осигуреникот се согласни на следново:

Во случај на осигурен случај, осигурувачот ги презема сите обврски за да исплати надомест на сите износи за коишто осигуреникот е законски одговорен да ги плати, како штета поради телесни повреди или имотна штета или последователна економска штета како резултат на таквата телесна повреда или имотна штета, а во согласност со одредбите од законот за граѓанско право што се однесуваат на одговорност кон трети лица и предемти.

Осигурувачот ќе ги плати трошоците потребни за да се испитаат направените штети и има право и обврска да го брани осигуреникот во случај на поведување тужба во врска со овие штети.

Тужбата подразбира граѓанска судска постапка што се води за штетите што ги покрива договорот за осигурување ( во понатамошен текст полиса). Во тужба спаѓа и арбитража или друга постапка за решавање спор во којашто се бара надомест за штетите и за што осигуреникот мора да се согласи или се согласува по одобрување на осигурувачот.

Именуваниот осигуреник и осигурувачот заедно се именуваат како страни.

**1.1 Осигуреник**

Осигуреник значи:

1.1.1 Именуваниот осигуреник (првоименуваниот осигуреник или лице или организација на чие име е издадена полисата носител на полиса) наведен во полисата за осигурување и сите други страни наведени како осигуреници/дополнителни осигуреници/останати осигуреници во полисата за осигурување.

1.1.2 Директор, раководител, вработен, но само ако врши дејност во склоп на должностите на осигуреникот. Се применува исклучок 6.2 од овие услови.

1.1.3 Секој нов субјект со седиште во земјата на осигуреникот што го купил осигуреникот во текот на периодот на осигурување на полисата по пат на консолидација, спојување, купување на средствата, преземање контрола и активно управување или создавање, под претпоставка дека:
а) деловното работење на новиот субјект е во согласност со дефиницијата за деловното работење на осигуреникот и со осигурениот ризик според став 1.2.3 од овие услови
б) за ова стекнување писмено е известен осигурувачот во рок од 30 дена и осигурувачот писмено го известува осигуреникот дека новиот субјект ќе биде покриен со полисата и дека осигуреникот треба да плати дополнителна премија што осигурувачот може да ја побара за новиот субјект.

За покритието за новиот субјект чие седиште се наоѓа во друга земја од земјата каде што е седиштето на осигуреникот треба да се побара посебен прием од осигурувачот, во спротивно се одбива..

**1.2 Осигурен случај**

1.2.1 Осигурен случај значи штетен настан предизвикан од или во врска со осигурените ризици за дејноста на осигуреникот, а како резултат на кои осигуреникот би можел да има законска обврска да плати надомест за штетите.

1.2.2 Штетен настан е несреќен случај што вклучува континуирана или постојана изложеност на суштински исти општи услови што резултира со телесни повреда или имотна штета, која од гледна точка на осигуреникот ниту ја очекувал ниту намерно ја предизвикал.

1.2.3 Дејност на осигуреникот и осигурени ризици:

Дејноста на осигуреникот што е наведена во полисата за осигурување значи дејност што се врши во или од просториите што ги поседува или ги користи осигуреникот.

Ризиците што се осигуруваат ги опфаќаат следниве активности и работи на дејноста на осигуреникот:

а) сопственост или користење на просториите за потребите на вршење дејност на осигуреникот;

б) поседување, поправка, одржување и уредување на сопствениот имот и на просториите што ги поседува и ги користи осигуреникот за свои деловни потреби;

в) учество на изложби поврзани со дејноста на осигуреникот;

г) приватна работа што ја врши некое вработено лице за директор, партнер или вработено лице кај осигуреникот, со претходна согласност на осигуреникот во врска со дејноста на осигуреникот;

д) давање или водење одржување на услуги поврзани со исхрана, друштвени или спортски активности, социјална помош, помош за згрижување деца или за вработените на осигуреникот и интерна прва помош, противпожарни и безбедносни услуги;

ѓ) ризици од производи и завршени операции , што подразбира штетни настани што се случиле надвор од просториите што ги поседува, користи или ги издава осигуреникот, а биле предизвикани од производ на осигуреникот, освен ако истиот производ сè уште физички се наоѓа кај осигуреникот, или од работа или услуги на осигуреникот, освен ако работата или услугите сè уште не се завршени или напуштени.

Производи на осигуреникот значи стока или производи што не се недвижност, а што се произведени, изработени, изградени, инсталирани, поправени, сервисирани, третирани, одгаени, издвоени, произведени, обработени, составени, увезени, продадени, ракувани, доставени или дистрибуирани или оставени од осигуреникот (вклучувајќи означување, материјали за пакување, инструкции и насоки поврзани со нив), останати што тргуваат под име на осигуреникот, или лице или организација чијашто дејност или имот ги купил осигуреникот.

Тука спаѓаат материјали, делови или опрема наменети за таа стока или производи.

Работа или услуги на осигуреникот значи работа, услуги или активности што ги врши осигуреникот или се вршат во негово име; тука спаѓаат, исто така, сите материјали, делови или опрема што се наменети за таа работа или активности.

Се смета дека работата на осигуреникот завршила кога најрано се исполнил некој од следниве случаи: кога целата работа за којашто е склучен договорот на осигуреникот е завршена; кога целата работа на одредена локација е завршена, иако договорот што го склучил осигуреникот се однесува за повеќе локации, но само во однос на завршената работа токму на одредената локација; кога дел од работата е завршена на локацијата и пуштена во употреба од страна на лице или организација што не е друг изведувач или подизведувач што работи на истиот проект, но само за тој дел од работата.

За завршена работа се смета работата на осигуреникот што е всушност завршена а за која е потребен сервис, одржување, поправка или замена.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.3 | Клаузула за сериски штети | 1.3.1 | Секој штетен настан или серија штетни настани што непосредно или посредно или наводно произлегуваат од ист случај, состојба, грешка или опасност, непредупредување или пропуст, или што на каков било начин вклучуваат исти или поврзани факти, околности, ситуации, трансакции или настани или исти или поврзани серии факти, околности, ситуации, трансакции или настани, било да се логички поврзани, причинско-последично поврзани или на некој друг начин, треба заедно да се соберат и да се сметаат за еден осигурен случај, без оглед во кое време настанале од почетокот на осигурителниот период или од бројот на лицата или на субјектите што претрпеле оштетување на имот или телесни повреди. |
| | | 1.3.2 | Се смета дека штетните настани се случиле на денот кога настанал првиот од серијата штетни настани. |
| 1.4 | Штети. | | Штети значи надоместок за сите износи за коишто едно физичко или правно лице станало или може да стане обврзано да ги плати според закон. |
| 1.5 | Имотна штета | 1.5.1 | Имотна штета значи физичка повреда на материјален имот или негово уништување, вклучувајќи ги сите последователни економски загуби што се резултат од штетата. |
| | | 1.5.2 | Губењето, оштетувањето, бришењето, уништувањето или измената на електронски податоци не се сметаат за имотна штета.<br>Електронски податоци значи информација, факти или програми што се чуваат, што се креираат или користат или што се пренесуваат на или од компјутерски софтвер хард-дискови или флопи-дискови, цеде-ром, касети, драјвери, ќелии, уреди за обработка на податоци или други медиуми што се користат со електронски контролирана опрема. |
| | | 1.5.3 | Губењето или исчезнувањето на материјален имот не се смета за имотна штета. |
| 1.6 | Телесна повреда | | Телесна повреда значи физичка штета (оштетување или повреда) нанесена на тело вклучувајќи ги сите последователни економски штети. Тука спаѓаат: смрт, болест, попреченост, шок, болка и страдање, ментална болка или ментална повреда. |
| 1.7 | Последователна економска штета | | Последователна економска штета значи економска (финансиска) загуба што е директна последица на осигурена имотна штета или телесна повреда, во согласност со ставките 1.5 и 1.6 од овие услови и се смета дека е дел од таа имотна штета или телесна повреда што е предизвикана од ист штетен настан што ја предизвикал соодветната имотна штета или телесна повреда. |
| 2 | Промени во ризиците во дејноста на осигуреникот | 2.1 | Ова осигурување се применува за зголемени и проширени изложувања на ризици на дејноста на осигуреникот поради деловни причини или причини поврзани со дејноста, освен ако овие измени не влијаат материјално врз фактите или врз околностите што постоеле кога започнало осигурувањето, или на следниот датум на обнова на осигурувањето. |
| | | 2.2 | За секоја измена што материјално влијае врз фактите или врз околностите што постоеле кога започнало осигурувањето, или на следниот датум на обнова на осигурувањето, мора писмено да се извести осигурувачот веднаш штом осигуреникот дознал за измената. |
| | | 2.3 | Во случај на зголемување на ризиците во дејноста на осигуреникот поради измена или создавање нови законски одредби, осигурувачот би можел во период од една година од стапувањето во сила на овие законски одредби да го прекине осигурувањето со писмено известување со препорачана пошта 30 дена пред датумот на прекинување на осигурувањето. |

2.4 Во случај на измени што материјално влијаат врз фактите или врз околностите што постоеле кога започнало ова осигурување, или на следниот датум на обнова на осигурувањетошто му билепосочени на осигурувачот тогаш секоја од договорните страни може да побара корекција на премијата и/или на обемот на покритие на ова осигурување. Доколку двете договорни страни не можат да се договорат, тие имаат право да го прекинат осигурувањето во рок од 30 дена од датумот кога осигурувачот го добил известувањето.

3 Територијална покриеност

3.1 Ова осигурување важи само за осигурени случаи што се случиле на географската територија што е наведена како земја каде осигуреникот има законско пребивалиште.

3.2 Ова осигурување не се применува за штети од телесна повреда или оштетување имот што настанале или за коишто се бара надомест за штета според законите во САД, Канада, Австралија и Нов Зеланд, без оглед каде се наоѓа седиштето на судот.

4 Период на осигурително покритие

Ова осигурување се покриваат осигурени случаи што настанале во текот на периодот на осигурување.

4.1 Со ова осигурување се покриваат осигурени случаи што се случиле во текот на осигурителното покритие, но причината за нивно настанување датира пред започнувањето на ова осигурување, само ако осигуреникот докаже дека не знаел за причината што довела до штетниот настан во времето кога осигурувањето било склучено и само, ако причината била утврдена две години пред датумот на започнување на ова осигурување.

4.2 Во случај ако не може точно да се одреди датумот на настанување на осигурениот случај за телесна повреда, се смета дека осигурениот случај настанал во време кога за првпат е откриено здравствено нарушување што е потврдено од медицинско лице.

4.3 Период на покритие значи временски период што започнал на датумот на отпочнување на осигурителното покритие, а завршил на датумот на завршување на покритието, како што е наведено, и двата датуми започнуваат во 00:00 часот стандардно време според адресата на осигуреникот, под претпоставка, сепак, дека датумот на истек на покритието би можел да се измени во согласност со ставот 7.7 (последици од неисплата на премија) или ставот 7.13 (обновување) од овие услови.

5 Лимити на одговорност

Лимитот на обештетување ( сума на осигурување) што е наведен во полисата е максималниот износ за обесштетување на осигуреникот од осигурувачот и тука спаѓаат сите надоместоци и поврзани трошоци што се споменати во ставките 5.4 и 5.5 во врска со еден осигурен случај, во склоп на значењето на ставот 1.2, дури и ако осигурувањето се однесува на повеќе лица, којшто е одговорен да ги плати штетите.

5.1 Агрегатен лимит

Максимален агрегатен лимит на обештетување на осигуреникот од осигурувачот во врска со сите штети и трошоци што се споменати во ставките 5.4 и 5.5, а што настанале во текот на осигурителното покритие ее лимит на обештетивање (единечен агрегат) наведен во полисата. .

5.2 Подлимити

Подлимитот наведен во полисата , е максималниот износ на обесштетување кој осигурувачот треба да го исплати за одредени осигурени ризици во периодот на важење на покритието. Секоја пријавен подлимит ќе биде дел,а не додаток на лимитот на обештетување ( сума на осигурување) наведен во полисата.

5.3 Франшиза

Франшизата/те, како што е наведено во полисата , паѓа/(ат) на товар на осигуреникот за плаќање во оној период што ќе го одреди осигурувачот.

Франшизата се однесува на трошоците наведени во ставките 5,4 и 5,5 од овие услови , како и за износот на обештетување. Одговорноста на осигурувачот за обештетување согласно покритието од овие услови важи само за износот на трошоците наведени во ставките 5,4 и 5,5 од овие услови за обесштетувањето што го надминува износот на франшизата/те.

5.4 Трошоци за одбрана

5.4.1 Трошоците за одбрана се трошоци за надворешно правно застапување, судски такси, трошоци за стручни мислења и други стручни услуги, што се разумни и неопходни за одбрана на осигуреникот од барањето за надомест на штета и се исплаќаат од страна на осигуреникот со претходна писмена согласност од осигурувачот (осигурувачот нема да ја одбие согласноста без да има оправдување или ќе го одложи давањето согласност). Трошоците за одбрана не вклучуваат никакви внатрешни трошоци на осигуреникот (на пр. плати и надоместоци) или надоместоци за изгубено време на осигуреникот.

5.4.2 Доколку е поднесено барање за надомест на штета од осигуреникот и штетата е покриена со полисата, тогаш осигурувачот ќе ги надомести трошоците за одбрана што ги направил осигуреникот за следново:

а) постапка за надомест на штета врз основа на одредбите на граѓанското право коишто ја регулираат одговорноста за штети кон трети лица пред суд или друг надлежен орган доколку осигуреникот и осигурувачот писмено се договориле по известувањето за штетата ;

б) кривична или дисциплинска постапка, доколку осигуреникот и осигурувачот писмено се договориле по известувањето за штетата;

в) вонсудска постапка за штетата, доколку осигуреникот и осигурувачот писмено се договориле по известувањето за штетата, дури и ако се покаже дека барањето е неосновано.

5.4.3 Осигурувачот нема да плати какви било трошоци за одбрана согласно точка 5.4.2 од овие услови:

а) штом лимитот на обештетување се исцрпи или

б) доколку осигуреникот ( како што е дефинирано во став 1.1 од овие услови) е прогласен за виновен за намерно кривично дело во врска со штетата. Доколку осигурувачот веќе ги платил трошоците за одбрана во овој предмет, осигурувачот има право да побара од осигуреникот надомест за исплатениот износ.

5.4.4 Осигурувачот може, на негово дискреционо право да истражи кои било околности и да постигне каква било спогодба без разлика дали има барање за обештетување или е поднесена тужба.

5.4.5 Врз основа на инструкциите на осигурувачот, осигуреникот е должен да постигне договор или на кој било начин спогодбено да го реши спорот во врска со штетата. Доколку осигуреникот не ја почитува оваа негова обврска, осигурувачот нема да има обврска:

а) да го обештети осигуреникот за износот за кој тој спор можел да се реши или на кој било друг начин спогодбено да се реши;

б) да ги плати трошоците за одбрана, камата или кои било други трошоци кои ги направил осигуреникот почнувајќи од денот кога осигурувачот му дал инструкции на осигуреникот да склучи договор, спогодба или на кој било друг начин спогодбено да го реши спорот во врска со штета.

5.5 Трошоци за спасување

5.5.1 Трошоците за спасување се трошоци што осигуреникот разумно и ефективно ги направил за да се избегне осигурен случај што непосредно се заканува (т.е. да се избегне осигурен случај што неизбежно и нужно би се случил без интервенција, а во исто време не било можно на друг начин да се спречи штетата)

5.5.2 Осигурувачот ќе ги надомести трошоците за спасување само ако осигуреникот и осигурувачот писмено се договориле.

## 6 Исклучоци

**6.1 Намерни дејства**

Ова осигурување не се применува за оштетување,штети, загуби, трошоци, издатоци причинети со намерно незаконско дејство на осигуреникот. Под намерна активност се подразбира:

6.1.1 дејствија или пропусти од коишто од гледна точка на разумен човек би се очекувало да настанат со некоја веројатност телесни повреди или имотна штета под околности во кои осигуреникот би предизвикал телесна повреда или имотна штета, но кои биле прифатени (на пр. заради заштеда на време или трошоци), дури и кога реалната телесна повреда или имотна штета е со различен степен или вид од намерната или очекуваната;

6.1.2 запознаеност на осигуреникот за неисправноста или за штетната природа на произведениот производ или извршената работа.

**6.2 Осигуреник/ци**

Ова осигурување не се применува за оштетување, штети, загуби, трошоци, издатоци што ја претрпеле:

6.2.1 самиот осигуреник, тој или таа, или самите осигуреници (вклучувајќи го првоименуваниот осигуреник или договарач на осигурувањето) во согласност со став 1.1 од овие услови ;

6.2.2 компании во кои осигуреникот или лица издржувани од него/неа имаат учествувачки интерес, во сооднос на процентот на учество што осигуренкот или издржуваните лица го имаат во овие компании; компании што припаѓаат на иста корпорациска група (како осигуреникот или негови издржувани лица, во сооднос на процентот на учество што непосредно и/или посредно го има контролирачката компанија во овие компании);

6.2.3 издржувани лица на осигуреникот/ците. Под издржувани лица спаѓаат сопружник, роднински поврзани лица по нагорна и надолна линија семејство, старател и очув и маќеа и родители сопружници, браќа и сестри што живеат во исто семејство; вонбрачната заедница се смета дека има исто значење како и брачната заедница;

6.2.4 акционери на осигурениците и на нивните издржувани лица.

**6.3 Парични казни, казни и штети**

Ова осигурување не се применува за парични казни, казни, казнени, примерни, ликвидирани или влошени штети или за мултиплицирање на штетите за коишто треба да се плати надомест.

**6.4 Договорна одговорност**

6.4.1 Ова осигурување не се применува за одговорност што произлегува од некаков договор, спогодба или гаранција, освен до оној степен до кој таа одговорност законски би била наметната и кога би немало договор, спогодба или гаранција.

6.4.2 Ова осигурување не се применува за одговорност за извршување (исполнување) на договорна обврска или за надомест како замена за извршувањето на таа должност.

**6.5 Одговорност на работодавец**

6.5.1 Ова осигурување не се применува оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци на вработените кај осигуреникот, а што биле предизвикани :

а) за време на работењето кај осигуреникот;

б) при вршење работни задачи поврзани со водењето на дејноста на осигуреникот.

6.5.2 Ова осигурување не се применува за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци за коишто е одговорен брачниот другар, дете, родител, брат или сестра на вработеното лице како последица или во контекст на став 6.5.1.

Ова исклучување се применува да се провери со оригинал:

а) кога осигуреникот би можел да биде одговорен како работодавец или во кое било друго својство;
б) за каква било штета со поделена одговорност или за исплата на некое друго лице што мора да плати отштета поради телесна повреда..

6.6 Практики поврзани со работен однос

6.6.1 Ова осигурување не се применува оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што биле предизвикани од следново:
а) одбивање да се вработи тоа лице,
б) престанок на работниот однос на тоа лице;
в) практики, политики, дејства или пропусти поврзани со работниот однос, како што се принуда,намалување на работна позиција, оценувањепрераспоредување, дисциплина, клевета, вознемирување, понижување, злонамерно гонење или дискриминација насочена кон тоа лице;
г) на брачниот другар, детето, родител, брат или сестра на тоа лице поради телесна повреда на тоа лице кому му се насочени практиките поврзани со работниот однос опишани погоре.

6.7 Надомест на работници и други слични законски одредби

Ова осигурување не се применува за одговорност осигуреникот според кој било закон за исплата на надомест на работници или какви било слични закони.

6.8 Закони или права за интелектуална сопственост

Ова осигурување не се применува за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што произлегуваат, доведуваат или на кој било начин се однесуваат на некакво вистинско или наводно тврдење или прекршување или злоупотреба од страна на некое лице или организација (вклучувајќи го и осигуреникот) на некој закон или право за интелектуална сопственост.

6.9 Воздухоплови, моторни возила или пловила

6.9.1 Ова осигурување не се применува за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што произлегуваат поради поседување, одржување, користење на воздухоплов или негово доверување на други лица, а што е во сопственост на осигуреникот или што осигуреникот го управува, го изнајмува или го зема под наем. Под употреба се подразбира работа и утовар или растовар.
Воздухоплов значи секое летало што е потешко од воздухот или полесно од воздушно летало, вклучувајќи ги и беспилотните летала/дронови, а што се изработени за транспорт на лице или имот, проектили, вселенски летала или ховеркрафт.

6.9.2 Ова осигурување не се применува за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што произлегуваат поради поседување, одржување, физичка или правна контрола, користење на моторни возила или приколки или нивно доверување на други лица, додека овие моторни возила или приколки коишто се во сопственост на осигуреникот, кои осигуреникот ги управува, ги изнајмува или ги зема под наем, се регистрирани според законска обврска (лиценцирани од јавен орган) или за коишто осигурувањето е потребно или задолжително. Под употреба се подразбира работа и утовар или растовар.
Моторно возило е секаков тип машина на тркала или на гасеници направено или наменето да биде самоодно возило на механички погон.
Сепак, овој исклучок не се однесува на користење моторни возила како неподвижен извор на енергија.

6.9.3 Ова осигурување не се применува за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што произлегуваат поради поседување, одржување, користење на пловен објект или негово доверување на други лица, а што е во сопственост на осигуреникот или што осигуреникот го управува, го

изнајмува или го зема под наем. Под употреба се подразбира работа и утовар или растовар.

Пловен објект значи секаков брод или пловило од кој било тип, без разлика дали е самоодно или не е, вклучувајќи без ограничување и товарни бродови, патнички бродови, други бродови што се користат за транспорт, влекачи, товарен чамец, пловила за складирање стока, танкери, бродови за бушење и платформи за дупчење на море.

6.10 Имот на чување или под контрола на осигуреникот

6.10.1 Ова осигурување не се применува на штети на имот што е во сопственост, што е изнајмен или даден под закуп или што го користи осигуреникот или имот за којшто се грижи, го чува или е под контрола на осигуреникот.

6.10.2 Ова осигурување не се однесува на штети напросттории што се продадени, дадени или напуштени од осигуреникот, ако имотната штета настанала во кој било дел од овие простории.

6.11 Подвижен и неподвижен имот

6.11.1 Ова осигурување не се однесува на штети на подвижен имот доколку штетата била предизвикана при користење на имотот, негово транспортирање, обработка или какви било други активности што се извршени на имотот или со него.

6.11.2 Ова осигурување не се однесува на оние делови од неподвижен имот што се непосреден предмет на обработка, користење или на која било друга активност.

6.12 Оштетување на просториите, производ или работа на осигуреникот

Ова осигурување не се однесува штети  на просториите што се во сопственост на осигуреникот или што осигуреникот ги користи за сопствени деловни потреби, или штети на производот или работењето на осигуреникот, како што е дефинирано во ставовите 1.2.3 (ѓ) .

Ова осигурување не се однесува на имотни штети и на последователна економска загуба на некој дел од кој било имот што мора да се поправи, реновира или замени поради неправилно извршена работа од страна на осигуреникот или во име на осигуреникот, или поради материјали или опрема што се или се докажало дека се неисправни или несоодветни за оваа работа. Овој исклучок не се применува за имотни штети и за последователна економска загуба што произлегуваат од таквата работа а што ги претрпело трето лице

6.13 Загуба од употреба на материјален имот

6.13.1 Ова осигурување не се применува за штети поради загуба од употреба на материјален имот, а кој не е физички оштетен или уништен (оштетен имот).

6.13.2 Ова осигурување не се однесува на штети што произлегуваат од загуба од употреба на материјален имот, а што се должи на комбинирање, мешање, соединување  или преработка на неисправен производ што го испорачал осигуреникот заедно со други производи или поради фактот што материјалниот имот бил неисправно произведен или обработен од машина што ја набавил осигуреникот (или ја одржува или ја поправа) без да се случи физичко оштетување на материјалниот имот.

6.14 Воздухоплови, автомобили, жичници (вагон-качувалки), гондоли, воздушни летала, железнички производи

Ова осигурување не се однесува на каков било производ што е дизајниран или произведен и што е вграден во авиони, автомобили, жичници (вагон-качувалки), гондоли, воздушни летала или железници.

6.15 Повлекување на производи, работа и на оштетен имот

Ова осигурување не се однесува на отштетни побарувања поради настанати штети, загуба, трошоци или расходи што ги направил осигуреникот или други лица во врска со неупотреба, повлекување, отповикување, проверка, поправка, замена, корекции, преместување или отстранување на:

6.15.1 производ на осигуреникот;
6.15.2 работа на осигуреникот;
6.15.3 оштетен имот;

доколку таквиот производ, работа или имот се извади или се повлече од пазарот или ако не се употребува од кое било лице или организација поради познат или сомнителен дефект, недостаток, несоодветност или опасна состојба.

6.16 Гаранција за производ

Ова осигурување не се однесува на гаранција на производ или гаранција што ја издал осигуреникот или е дадена во негово име.

6.17 Неодобрена стока или производи

Ова осигурување не се применува за штети, загуби, трошоци или издатоци што произлегуваат од реални, наводни или загрозувачки опасни својства на стоки или производи чија употреба или дејство не биле тестирани на соодветен и современ начин за да се потврди дека тие соодветствуваат на специфичната намена. Во секој случај, се смета дека не е направено соодветно тестирање доколку не е издадено одобрување или лиценца пропишана со законски регулативи или прописи за употреба на производот.

6.18 Тутун

Ова осигурување не се применува за штети, загуби, трошоци или издатоци што произлегуваат од производи од тутун и од производи поврзани со консумирање тутун.

6.19 Азбест, силикон

Ова осигурување не се применува заоштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што непосредно или посредно произлегуваат од влијание на азбест или силикон, или се резултат на тоа влијание или се последица на азбест или на силикон, во каква било форма или количина.

6.20 Електромагнетни и магнетни полиња

Ова осигурување не се применува за штети, загуби, трошоци или издатоци што непосредно или посредно произлегуваат од изложеност на магнетни или на електромагнетни полиња.

6.21 Радиоактивност

Ова осигурување не се однесува на одговорност на осигуреникот за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што настанале или што се посредно или непосредно предизвикани или ако за нивното настанување придонело следново:

6.21.1 јонизрачко зрачење (радијација);
6.21.2 радиоактивна контаминација со нуклеарно гориво или од нуклеарен отпад поради согорување на нуклеарно гориво;
6.21.3 радиоактивни, токсични, експлозивни или други опасни својства на секој експлозивен нуклеарен составен предмет или негов нуклеарен составен дел; или складиштење, транспорт, составување, расклопување, одржување или служење со секакво нуклеарно оружје или негов нуклеарен составен дел.

6.22 Биолошки агенси

Ова осигурување не се однесува на штети, загуби, трошоци или издатоци што произлегуваат од реални, наводни или загрозувачки контаминирачки, патогени, токсични или други опасни својства на биолошките агенси.

6.23 Генетичко оштетување и генетски модифициран организам

6.23.1 Ова осигурување не се однесува на одговорност за телесни повреди предизвикани со оштетување на генотипот на човечки клетки, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на герминативни и матични клетки или ембриони, без разлика дали оштетувањето се должи на пренос или на индиректно дејство на трансгенетски материјал или на директна или техничка интервенција за репродуктивни цели.
6.23.2 Ова осигурување не се однесува на одговорност во врска со генетски модифицирани организми.

6.24 Постепени фактори

Ова осигурување не се однесува на одговорност за предизвикани имотни штети поради постепени или продолжени влијанија на кои било фактори како но, не ограничувајќи се на топлина, гасови, пареи, течности или на неатмосферски врнежи (како што се чад, гареж, прав) или поради постепени или продолжени дејствија на горенаведените фактори.

6.25 Загадување

6.25.1 Ова осигурување не се применува за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци што настанале поради условите на загадувањето:

а) во или од некоја просторија, место или локација што е или секогаш била во сопственост на осигуреникот или осигуреникот ја користел, ја изнајмил или ја дал под закуп;
б) поради вршење на деловни активности на осигуреникот или тоа го правел изведувач или подизведувач во име на осигуреникот, далеку од просториите на осигуреникот;
в) од некој од производите на осигуреникот.

Сепак, овој исклучок не се применува за следниве штети:

а) телесни повреди, ако се здобиле во објектот, а биле предизвикани од чад, задушлива пареа, испарувања или саѓи, гареж од опремата што се користи за загревање на објектот;
б) телесни повреди или оштетување на имот што се предизвикани од топлина, чад или задушлива пареа што ги испушта неконтролиран оган;
в) телесни повреди или оштетување на имот што се случиле во објектот, а биле предизвикани од испуштање на гасови, задушлива пареа или испарливи мириси од материјали што се внеле во објектот заради вршење на работата од страна на осигуреникот или од изведувачот или подизведувачот во име на осигуреникот.

6.25.2 Ова осигурување не се применува за штети, трошоци или издатоци што произлегуваат од следново:

а) молба, барање, налог или законско барање или регулативен пропис што бара секој осигуреник или кое било друг лице да направи тестирање, извид, следење, чистење, детоксикација или неутрализација или каков било друг одговор на влијанието на условите за загадување или процена на тие влијанија;
б) отштетни побарувања или тужба поднесена од државна институција или во име на таа институција за штети предизвикани од тестирање, извид, следење, чистење, детоксикација или неутрализација, или на каков било начин одговарање на влијанието на условите за загадување или од проценување на тие влијанија.

6.25.3 Под услови на загадување се подразбираат испуштање, диспезрија , миграција, протекување, ослободување или истекување на каков било облик на навлегување (пенетрација) или испуштање на каков било цврст, течен, гасовит или термички надразнувач, токсична супстанца или загадувач, зрачење, звук, воздушен притисок, електрично зрачење, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на чад, пареи, саѓи, задушливи испарувања, киселини, алкали, токсични хемикалии, хемиски елементи или нивни компоненти, медицински отпад и отпаден материјал во земјата или на неа, или која било структура на земја, атмосфера или каков било воден тек или облик на вода, вклучувајќи ги и подземните води, под услов овие услови да не се присутни во животната средина природно, во количини или концентрации што се откриени.

Поимот „отпад“, како што се користи во оваа дефиниција, вклучува материјали што треба да се отстрануваат или се отстрануваат, рециклираат, обновуваат или се култивираат.

**6.26 Војна и чин на насилство**

Ова осигурување не се однесува на за оштетувања, штети, загуби, трошоци, издатоци предизвикани од војна, без разлика дали е објавена, или секаков чин или услов што произлегува од војна. Поимот војна во контекст на ова осигурување значи граѓанска војна, востание, инвазија, дејство на странски непријател, граѓански немири, воена или узурпирачка власт, бунт или револуција, чинови на насилство по повод јавни собири, демонстрации и митинзи или чинови на насилство во врска со штрајкови и отпуштања од работа или чинови на насилство од политички организации.

**6.27 Тероризам**

Ова осигурување не се однесува на никаков чин на тероризам, без оглед на која било друга причина или настан што истовремено или последователно довеле до штета или каква било активност за преземање контрола, за спречување, сузбивање или активност што е на кој било начин поврзана со секаков чин на тероризам.

Под терористички чин се подразбира секое дејство, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на употреба на сила или на насилство (вклучувајќи сајбер напади) и/или закана од нив, од кое било лице или група(и) лица, без разлика дали дејствуваат сами или во име на некоја организација/и или во врска со организација/ии или со влада(и), а се извршени за политички, религиозни, идеолошки или слични цели, ако се вклучи и намерата да се влијае врз влада и/или да се предизвика страв кај јавноста или кај дел од неа.

Чисто економски загуби се економски (финансиски) штети што не се последица на осигурена имотна штета или на телесна повреда како што е дефинирано во ставовите 1.5 и 1.6 од овие услови

**6.28 Директори и раководители**

Ова осигурување не се применува за штети,загуби, трошоци или издатоци поради чисто економски загуби за коишто се одговорни директорите или раководителите кај осигуреникот или во некои други осигурени компании.

**6.29 Чисто економски загуби**

Ова осигурување не се применува за чисто економски загуби.

Чисто економски загуби се економски (финансиски) штети што не се последица на осигурена имотна штета или на телесна повреда како што е дефинирано во ставовите 1.5 и 1.6 од овие услови.

**6.30 Сајбер**

Ова осигурување не се применува за штети, загуби, трошоци или издатоци што настанале од:

6.30.1 каков било пристап или откривање на доверливи или лични податоци на некое лице или организација, вклучувајќи патенти, деловни тајни, методи на обработка, списоци на клиенти, финансиски информации, информации за кредитни картички, за здравствена состојба или секаков друг вид информации што не се од јавен интерес;

6.30.2 штета, штета од некористење, оштетување, уништување, неможност за пристап или неможност за манипулирање со електронски податоци.

6,30,3 Ова исклучување се применува дури и ако се бара надомест за трошоци за известување, трошоци за следење на кредит, трошоци за судска медицина, трошоци за односи со јавноста или секакви други штети, трошоци или издатоци што ги направил осигуреникот или други лица, а што произлегуваат од гореопишаното во став 6.30.1 или 6.32.2.

6.30.4 За имотна штета нема да се смета загуба, штета, оштетување, бришење, измена или искривување на електронските податоци. Под електронски податоци се подразбираат информации, факти или програми што се чуваат како или на нешто, што се креирани или што се користат, или што се пренесени на или од компјутерски софтвер, вклучувајќи системи и апликациски софтвер, харддиск или флопи дискови, CD-ROM-ови, касети, дискови, ќелии, уреди за обработка на податоци или кој било друг медиум што се користи со електронски контролирана опрема.

7. Услови **Должност за плаќање и примање на премијата**

7.1 Плаќање на премија и важење на покритие

7.1.1 Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата на осигурувањето, но осигурувачот е должен да ја прими исплатата на премијата од секое лице што има правен интерес таа да биде платена (член 968, став 1).

7.1.2 Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се исплати одеднаш, се плаќа при склучувањето на договорот (член 968, став 2).

7.1.3 На износот на премијата што се плаќа во договорени рокови може да се пресмета и да се наплати договорена камата.

7.1.4 Ако договарачот на осигурувањето не ја плати премијата во договорениот рок, осигурувачот може, покрај главницата, да му пресмета и даночна камата.

7.1.5 Место за плаќањето на премијата е местото во кое договарачот на осигурувањето има свое седиште, односно живеалиште, ако со договорот не е одредено некое друго место (член 968, став 3).

7.1.6 Ако премијата се плаќа преку пошта, се смета дека договарачот на осигурувањето со уплата на должниот износ преку пошта ја исплатил својата обврска кон осигурувачот откако во банката на осигурувачот ќе пристигне паричната дознака.

7.1.7 Ако премијата се плаќа со чековна уплатница на одредена сметка на осигурувачот, ќе се смета дека договарачот на осигурувањето го извршил плаќањето на премијата тогаш кога ќе го уплати должниот износ на чековната уплатница во корист на означената сметка на осигурувачот под услов паричните средства да пристигнат на сметката на осигурувачот во банката депонент.

Договарач на осигурувања – лице што со осигурувачот склучува договор за осигурување

7.2. Обврски на осигуреникот во случај на настанување на штета, отштетно побарување или тужба

7.2.1 Во случај на штетен настан или ако изгледа разумна веројатноста дека може да се случи штетен настан и да доведе до осигурен случај, осигуреникот мора веднаш да ги преземе сите одговорни чекори на свој трошок за да спречи или да ги сведе на минимум телесна повреда, имотни штети и секакви други загуби, штети или издатоци.

7.2.2 Осигуреникот мора веднаш, најдоцна до три дена по сознавање, писмено да го извести осигурувачот за секој штетен настан што веројатно води до осигурен случај, според ова осигурување, и мора веднаш на осигурувачот да му ги достави целата документација и сите
информации што се релевантни за секој еден штетен настан, вклучувајќи ги сите барања, судски налози, повици за суд, постапки, известувања за кривично гонење, судски истраги или испитувања и сите поврзани информации.

7.2.3 Осигуреникот мора веднаш писмено да го извести осигурувачот за секој штетен настан каде што има сериозна телесна повреда (вклучувајќи квадриплегија, параплегија, оштетување на мозок или губење на екстремитет) или значително имотно оштетување (вклучувајќи значително оштетување на згради, конструкции или опрема предизвикани од пожар, рушење, експлозија и губење на потпора) и мора веднаш на осигурувачот да му ги достави сите релевантни информации за штетниот настан што ги поседува.

7.2.4 Осигуреникот не смее без претходна писмена согласност на осигурувачот, да признае одговорност, да понуди, вети или да изврши плаќање во врска со некој штетен настан.

7.2.5 Осигуреникот мора да вложи максимални напори за да ги зачува целиот

имот, секој производ, апарати, машини и постројки и сите други работи што можат да помогнат во истрагата или во одбрана на отштетното побарување или во остварувањето на правата на суброгација и, колку што е разумно изводливо, не треба да се прави измена или поправка без согласност на осигурувачот сè додека осигурувачот има можност да направи истрага и проверка.

7.3 Контрола на отштетни побарувања

Осигурувачот има право, по своја дискреција, да ја преземе и спроведе одбраната или решавањето на некое отштетно побарување во име на осигуреникот и на свој трошок и за своја сметка да води судска постапка против секое отштетно побарување за надомест на штета од кои било лица, и осигуреникот треба да ги даде сите потребни информации и секаква помош.
Осигуреникот ќе го ополномошти адвокатот што го назначил осигурувачот, ќе му ги даде на адвокатот сите потребни информации и ќе му го довери водењето на постапката.

7.4 Суброгација

Во случај на исплата на надомест според ова осигурување, врз осигурувачот преминуваат сите права на осигуреникот против лице или организација што е одговорно за штетата, и осигуреникот ќе ги изврши и достави сите соодветни инструменти и документи и ќе направи сè друго што е потребно за да ги обезбеди тие права. Секој износ што на ваков начин е повратен се уважува и доколку е сторено во согласност со одредбите од релевантниот закон што се применува за оваа работа.

7.5 Друго осигурување

Штом е практично изводливо, но во рок од 14 дена по склучувањето на кој било друг договор за осигурување, осигуреникот ќе го извести осигурувачот и ќе му ги даде сите детали за тоа друго осигурување со кое се обезбедува обесштетување, целосно или делумно, за штетите за коишто е одговорен осигуреникот според ова осигурување.

7.6 Ослободување на осигуреникот од одговорност

Осигурувачот може да му исплати на осигуреникот обесштетување со одреден лимит откако ќе се одбие сума или сумите што веќе биле исплатени како надомест или помал износ за ликвидација на таа штета или штети и со така направената исплата, осигурувачот се откажува од водењето и од контролата на отштетното побарување и нема да има никаква понатамошна одговорност за таа штета или штети, освен да ги плати трошоците за судскиот спор што можат да се повратат или што се направени во врска со работите пред датумот на извршеното плаќање, и осигурувачот нема одговорност за штети што наводно ги претрпел осигуреникот како последица на некоја активност или пропуст на осигурувачот во врска со тоа барање за надомест на штета или судска постапка.

7.7 Последици од неисплата на премија

7.7.1 Обврската на осигурувачот од осигурувањето почнува, ако не се договори поинаку, односно доколку со условите за одделни видови осигурувања не е одредено поинаку, по истекување на 24 часа од денот што во полисата е назначен како почеток на осигурувањето, ако од тој ден е платена премијата, а инаку по истекување на 24 часа од денот на уплатата на премијата.

7.7.2 Ако е договорено премијата да се плаќа по склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот од осигурувањето почнува од денот определен во договорот како ден за почеток на осигурувањето (член 969, став 2).

7.7.3 Може да се договори обврската на осигурувачот да почнува од моментот на склучување на договорот за осигурување.

7.7.4 Ако договарачот на осигурувањето премијата што стигнала по склучување на договорот не ја плати до стасаноста, ниту тоа го стори некое друго

заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува според самиот закон по истекувањето на рокот од 30 дена откога на договарачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, но со тоа што тој рок не може да истече пред да поминат триесет дена од стасаноста на премијата.

7.7.5 Во секој случај, договорот за осигурување престанува според самиот закон ако премијата не биде платена во рок од една година од денот на стасаност (член 969, став 3 и 4).

7.7.6 Обврската на осигурувачот престанува:

1. кај договор за осигурување со одреден рок на траење со истекување на 24-тиот час од денот што во полисата е означен како ден на истекување на осигурувањето, ако не е договорено поинаку, односно ако во условите или во одделните услови за осигурување за одделни видови осигурувања не е одредено поинаку;
2. кај договор за осигурување со неодреден рок на траење, ако во полисата е означен само почетокот на осигурувањето, со примена на ставовите 4 и 5 на овој член, се продолжува од година во година, освен ако некоја од договорните странки најдоцна три месеци пред истекувањето на тековната година од осигурувањето писмено не ја извести другата странка дека не сака да го продолжи договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истекувањето на 24 часа на последниот ден од тековната година на осигурувањето.

7.8 Примена на закон

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, осигуреникот и осигурувачот, надлежен е Основниот суд Скопје 2, Скопје.
Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

7.9 Законски прописи

Осигуреникот мора да преземе разумни мерки за усогласување со сите законски обврски и прописи што ги налагаат законски или владини органи.

7.10 Арбитража

Доколку по кој било дел од овој договор (полисата за осигурување) дојде до спор, двете страни (осигуреникот и осигурувачот) ќе започнат меѓусебни преговори во траење од најмногу еден месец. Доколку во рокот од еден месец преговорите не завршат со договор за настанатиот спор, меѓусебните преговори ќе продолжат и во наредниот месец, ако за тоа се согласни и двете страни.
По исцрпувањето на рокот за меѓусебни преговори, двете страни пристапуваат кон арбитража. Арбитражата е водена од арбитражна комисија. Арбитражната комисија се состои од тројца членови, од кои по еден делегира секоја од двете страни во рок од 7 (седум) дена по исцрпувањето на рокот за преговори. Членовите на арбитражната комисија, делегирани од двете страни, именуваат претседател на арбитражната комисија во рок од 15 (петнаесет) дена. Претседателот треба да биде стручен за областа за која се води арбитражата, со најмалку 4 (четири) години работно искуство во таа област. Доколку двете страни не се договорат за името на претседателот на арбитражната комисија, тој ќе биде именуван од страна на една од следните институции: факултет што ја покрива областа на спорот, друштво на проценители или Стопанската комора на РСМ.
Ниту една страна нема право да отповика свој член од арбитражната комисија до завршувањето на нејзината работа, која не може да трае подолго од 3 (три) месеци од денот на именувањето на нејзиниот претседател. По исклучок од претходниот рок, арбитражната комисија го продолжува своето работење само со писмена согласност на двете страни.

Арбитражната комисија своите одлуки ги носи со мнозинство гласови. Двете страни се обврзуваат дека ќе ги почитуваат одлуките на арбитражната комисија како конечни и неотповикливи. До завршувањето на меѓусебните преговори, евентуално и на работата на арбитражната комисија, и двете страни се откажуваат од поведување судски спорови по предметот на арбитражата, како и од пресметка на камати по основа на спорните побарувања.
Трошоците за арбитражата ќе ги делат и двете страни подеднакво.
Доколку арбитражната комисија не успее да го реши спорот, тој ќе се решава пред месно надлежниот Основен суд Скопје 2, Скопје.

| | |
|---|---|
| 7.11 Измени | Ова осигурување може да се измени само со писмена потврда, којашто станува дел од ова осигурување. Ова се однесува и на сите договарања што се поинакви во однос на одредбите од ова осигурување. Одобрувањето мора да биде потпишано од еден од овластените претставници на осигурувачот. |
| 7.12 Валута | Сите премии, лимити, франшизи, одбитоци, задршки, штети и други износи во оваа полиса се смета дека се изразени и се плаќаат во валутата како што е наведено во полисата. Доколку се донесе пресуда, спогодбата за плаќање е деноминирана или друг елемент на штетата е изразен во валута што е различна од онаа што е изразена, тогаш исплатата според ова осигурување се врши во валутата што е дадена во полистата пресметана по среден курс на Народната банка во земјата, како што е наведено во полисата, на денот кога е донесена конечната пресуда, кога е договорен износот на спогодбата или кога доспева другиот елемент на штетата, поединечно. |
| 7.13 Обнова на осигурување | Доколку периодот на покритие наведен во полсиата е 1 (една) година, периодот на полисата може да се продолжи за уште 1 (една) година со издавање на одобрение за обновување на ова осигурување на крајот на тој период и на секоја следна година, по претходно доставување на какви било информации за преземање ризици што ги бара осигурувачот и со плаќање соодветна премија. Осигурувачот, сепак, нема обврска да понуди или да прифати обновување или какво било продолжување на ова осигурување. |
| 7.14 Полиса | **Полиса** – документ со кој се потврдува постоење на договорот за осигурување. |
| 7.15 Услови за осигурување | Услови за осигурување се овие услови за осигурување од општа одговорност кон трети лица, вклучувајќи ги полисата, како што е дефинирана во став 7.14 и секоја клаузула наведена во полисата |
| 8 Проширувања | Секое проширување на покритие наведено во ставовите од 8.1 до 8.11 од ова осигурување е предмет на посебно одобрување и одобрување само од осигурувачот. Сите проширувања на покритието што ги прифаќа осигурувачот се наведени во полисата. Сите исклучувања од осигурување согласно од овие услови остануваат во сила освен ако не е поинаку договорено. |
| 8.1 Одговорност за животната средина | 8.1.1 Без оглед на став 1 од овие услови и исклучувањето во став 6.25 од ова осигурување, осигурувачот ќе го обештети осигуреникот за секаква неочекувана и ненамерна штета или оштетување за што осигуреникот станува законски обврзан да му ги надомести како штета нанесена на трети лица или како трошоци што произлегуваат од ненадеен и случаен инцидент, а којшто отстапува од нормалното, непречено вршење на дејноста на осигуреникот поради:<br>8.1.1.1 телесни повреди или имотни штети предизвикани од услови на |

загадување за што осигуреникот станува законски обврзан да ги плати без разлика дали тие услови се во или надвор од просториите, местото или локацијата што е или била во секое време во сопственост или е користена од осигуреникот, дадена на или земена под закуп од осигуреникот;

8.1.1.2 трошоци за расчистување на местото што осигуреникот станува законски обврзан да ги плати, а се предизвикани од условите на загадување на или во имотот на осигуреникот според став 8.1.1.1;

8.1.1.3 трошоци за расчистување надвор од локацијата на осигуреникот што осигуреникот станува законски обврзан да ги плати, а што се предизвикани поради намалувањето на условите на загадување во самите простории на осигуреникот според одредбите во став 8.1.1.1 или се предизвикани од условите на загадување поради работата или услугите на осигуреникот;

8.1.1.4 оштетување на биодиверзитетот предизвикано од условите на загадување што произлегуваат од осигурениот ризик, без разлика дали условите на загадувањето се во или надвор од имотот (просториите) на осигуреникот и за што осигуреникот станува законски должен да ги плати трошоците за санација врз основа на регулативите на Директивата за одговорност за животната средина (Директива 2004/35/ЕС) во изменета и дополнета верзија или нејзината имплементација од страна на секоја земја членка на Европската Унија;

8.1.2 Во врска со штетите или трошоците според ставовите од 8.1.1.1 до 8.1.1.4 што произлегуваат од состојбата на загадување предизвикана од производот на осигуреникот или од работата предадена на трето лице, даденото покритие е дури и без предуслов за ненадеен и случаен инцидент, а којшто отстапува од нормалното, непречено вршење на дејноста на осигуреникот. Покритието важи само доколку состојбата на загадување не се должи на влијанието на намената за што се користи производот или се врши работата, или што секако би настанала како резултат на влијанието на намената за која што се користи.

8.1.3 За осигурен случај се смета дека е првото откривање на телесна повреда или имотна штета или оштетување на биодиверзитетот што стручно лице може да го докаже, а што произлегува од настан според ставовите 8.1.1 или 8.1.2 погоре, а што започнува после започнувањето на осигурувањето во полисата.

.

8.1.4. под оштетување на биодиверзитетот, во согласност со Директивата за одговорност за животната средина (Директива 2004/35/ЕС) во применлива верзија што преовладува или онаа што се имплементира во секоја земја членка на Европската Унија, се подразбира следново:

а) оштетување на заштитените видови или природни живеалишта,
б) оштетување на водите и
в) оштетување на земјиштето.

Оштетувањето на заштитените видови или природни живеалишта не се смета за имотна штета според став 1.5 од од овие услови..

8.1.5. Трошоците за расчитување значат разумно и неопходно направени трошоци за истрага, испитување, отстранување и санација , каде спаѓаат

и трошоци за мониторинг или за отстранување на почва, водена површина, подземни води или други загадувања, и тоа:

а) до степен што го налагаат законите за животната средина;

б) коишто, всушност, биле направени од некое владино или агенција, или од трети лица

8.1.6. Трошоците за расчистување во врска со штета предизвикана кон трети лица ги вклучуваат оние за реставрација. Под реставрација се подразбираат разумно и потребно направени трошоци од страна на осигуреникот за поправка, замена или за враќање на недвижен или личен имот во поприлично иста состојба во каква што бил пред да биде оштетен. Овие трошоци за реставрација не треба да ја надминат сегашната нето вредност на имотот пред да настанат трошоците за чистење.

8.1.7 Трошоци за санација значат разумно и неопходно направени трошоци за истрага, испитување, отстранување и обновување на штетата во согласност со примарна, компензациска и бесплатна (комплиментарна) санација во согласност со одредбите утврдени во Директивата за одговорност за животна средина (Директива 2004/35/ЕЗ) во изменета и дополнета веризја или во нејзината имплементација од страна на секоја земја-членка на Европската унија, и тоа

а) до степен што го налагаат законите за животна средина; или

б) коишто, всушност биле направени од некое владино или државно тело или агенција.

Без оглед на ставот 6.2 од од овие услови, покритието се однесува на штети предизвикани на заштитени видови, природни живеалишта, води и земја, доколку тие се во сопственост, поседување (на пр., давање или земање под закуп, изнајмување) или само под контрола на осигуреникот, на издржувани лица, акционери или поврзани друштва и осигуреникот или лицата кои дејствуваат во негово име не ја предизвикале штетата намерно или од грубо невнимание.

8.1.8 Осигурувачот ќе ги надомести направените трошоци за ублажување на штетите. Во трошоци за ублажување на штетите спаѓаат:

8.1.8.1 оние трошоци настанати поради мерките што осигурувачот конкретно му ги наложил на осигуреникот за да ги изврши со цел да се избегнат или ублажат ефектите од условите на загадување или оштетување на биодиверзитетот, што може да доведе до тужба или до трошоци за санација;

8.1.8.2 оние трошоци што произлегуваат од мерките што осигуреникот разумно ги презел на своја иницијатива со добра волја, со цел или за да се избегнат условите за загадување или оштетувањето на биодиверзитетот што може да доведе до поднесување барање за отштетно побарување или за да се избегнат или намалат секакви последици од условите за загадување или од оштетувањето на биодиверзитетот до степен на итност за преземање на овие мерки. Под итност се подразбираат настани што претставуваат непосредна опасност од условите на загадување или од оштетувањето на биодиверзитетот за што осигуреникот нема друг избор освен да преземе итни мерки, без да има можност да добие претходна писмена согласност од осигурувачот.

8.1.8.3 Во трошоците за ублажување не спаѓаат никакви капитални трошоци за подобрување или во трошоци за одржување, поправка, надградба, заштита или рехабилитација на постројки или објекти или на други инсталации на осигуреникот, чии износи ги надминуваат неопходните трошоци за ублажување на загубите. Ова исто така важи ако постројките или објектите

или другите инсталации се во сопственост (на пр. дадени или земени под закуп, лизинг, изнајмени) или само под контрола на осигуреникот, на издржувани лица, акционери или поврзани друштва во согласност со став 6.2 од овие услови ова осигурување.8.1 9 Обврски - Осигуреникот е обврзан да ги исполни следниве обврски. Неисполнувањето на следниве обврски би го ослободило осигурувачот од должноста да го обесштети или да го одбрани осигуреникот:

8.1.9.1 да ги следи законите што се применуваат, уредбите, официјалните регулативи и директиви, релевантните стандарди (на пр., ISO и CEN, или некои државни стандарди) што се важни за осигуреникот;

8.1.9.2 да преземе превентивни мерки за безбедност со што се намалува веројатноста од настанување штети кон трети лица или оштетување на биодиверзитетот;

8.1.9.3 да врши одржување или да ангажира овластено стручно лице да врши одржување на еколошки опасни постројки или објекти и на друга еколошки опасна опрема. Неопходните работи за поправка и одржување мораат да се вршат без одложување.

Најмалку еднаш на секои пет години – освен ако со закон или од органите на власта не е предвиден пократок временски период – овие постројки и објекти и опрема мора да ги испита овластено стручно лице. Без оглед кога започнува осигурителното покритие, овој период започнува со пуштање во погон на постројката или на објектот или од последно направената проверка.

8.1.10 Исклучувања

Покрај сите други исклучувања од овие услови , со покритието не се опфатени условите за загадување или штетите или трошоците што произлегуваат:

8.1.10.1. од дозволено навлегување во природните извори (на пример, врз основа на законските одредби за заштита на водите и на природата, лов и риболов) во склоп на соодветната дозвола;

8.1.10.2 од почитување на директивите или наредбите на властите, доколку не станува збор за директиви или наредби што се последица на непосредна закана од еколошка штета или на веќе настаната штета;

8.1.10.3 од емисија или активност или некаков начин на користење на производ во текот на една активност, за којшто, според степенот на научното и техничкото знаење во моментот кога била извршена емисијата или активноста, не постоела веројатност дека би се предизвикала еколошка штета;

8.1.10.4 штети поради проект, градба, користење за работа, одржување, поправка или напуштање:

а) на постројки или објекти за привремено чување (складишување) на опасен отпад и за конечно отстранување (депонија од ископана дупка) на секаков вид отпад;

б) на подземни цевоводи и на задржани опасни материи без контрола на нивното истекување; постројки или објекти за третирање на отпадни води, истекување од канализација и отпад.

8.1.10.5 измена на колектор на подземна вода или на протокот;,

8.1.10.6 пренесување на болести на заштитени видови.

8.1.11 Сериски штети и сериски штетни настани

Спротивно на став 1.3 од овие услови , неколку настани се сметаат за еден осигурен случај доколку произлегуваат од иста причина. Штетите настанати од ист вид причина и во ист временски контекст, исто така, се сметаат за еден осигурен случај доколку постои правна, економска или техничка врска меѓу овие причини.

Тие се собираат, без оглед на временскиот период откако започнало да важи осигурителното покритие. Се смета дека сите овие настани биле откриени на денот кога стручното лице го открило првиот осигурен случај.

8.2 Меѓусебна (вкрстена) одговорност

8.2.1 Секоја од договорните страни што се правни лица, а се опфатени со значењето на зборот осигуреник, се смета за посебно правно лице и зборот „осигуреник“ се однесува на секоја договорна страна, како за секој субјект да е издадена посебна полиса, но тоа не значи дека содржината во оваа клаузула се однесува на зголемување на одговорноста на осигурувачот според ова осигурување.

8.2.2 Проширеното покритие за ова осигурување, во согласност со ставот 8.2.1, не се однесува на следново:

а) на секоја последователна економска загуба (финансиска штета);
б) имотна штета поради загадување или трошоци настанати поради загадувањето или што се поврзани со него;
в) штета или оштетување на имот што го поседува, го дава или го зема под наем некој од осигурениците, како што е дефинирано во ставот 1.1 од од овие услови;
г) за секоја чисто економска загуба (финансиска штета);
д) за штети покриени со проширеното покритие во став 8.4 од овие услови.

8.3 Имот на чување или под контрола

Без оглед на исклучувањата во ставовите 6.10 и 6.11 од овие услови осигурувачот ќе го обештети осигуреникот за штети на подвижен имот на трето лице за коешто се грижи, го чува и е под контрола на осигуреникот.

8.3.1 Ова покритие важи само кога овој имот осигуреникот го користи или го користел за работа/, во согласност со писмен договор или спогодба; или треба да се користи за работа од страна на осигуреникот и според договор овој имот му е доверен на осигуреникот во неговите простории.

8.3.2 Осигурувачот нема никаква обврска да исплати надомест според ова проширено покритие за следново:

а) ако според договорот или спогодбата осигуреникот треба да го осигури имотот.;
б) за одговорност што ја презел осигуреникот единствено поради договор или спогодба, освен ако осигуреникот не би бил одговорен за штетата кога не би имало договор или спогодба;
в) кога надоместокот за штета во врска со таа имотна штета се исплаќа според некое друго осигурување во корист на осигуреникот;
г) кога имотната штета е предизвикана од кражба или од обид за кражба;
д) за трошоци направени поради поправка на погрешна работа;
ѓ) за моторни возила, воздухоплови, пловила и системи за обработка на електронски податоци;
е) за штети што произлегуваат или се поврзани со користење, транспорт, обработка или некоја друга активност поврзана со подвижен имот.

8.4 Проширено покритие за одговорност за производи за

Без разлика дали станува збор за имотна штета или чиста економска загуба, како што се дефинициите воовие услови , дури и ако се спротивни на став 1.2.2 и став 6.29 во

деловни односи меѓу правни субјекти

овие услови , покритието се проширува за:

8.4.1 штети на трети лица што се резултат на недостатоци во производите што тие ги произвеле со комбинирање, мешање или соединување на материјал со неисправни производи што ги обезбедил осигуреникот во процес што од материјални или економски причини не може да се поврати. Несоодветни упатства за употреба или за примена на производи што ги испорачал осигуреникот или за набавка на производи што не ги исполнуваат нарачаните спецификации се сметаат за недостатоци во производството или во снабдувањето на осигуреникот.

Со осигурување се покриваат исклучиво само:

8.4.1.1 штети на производи или уништување на други производи на трети лица;

8.4.1.2 други трошоци што се направени за производство на производ на третото лице, но со исклучок на трошоците што се направени за неисправниот производ на осигуреникот;

8.4.1.3 дополнителни трошоци како резултат на преработка на производот на третото лице што е законски потребно и економски разумно да се направи или на исправка на друга штета. Но осигурувачот нема да обезбеди обештетување за овие трошоци во соодносот каков што е оној на продажната цена на производот на осигуреникот со продажната цена на производот на третото лице (во случај производот на третото лице да е преработен или, пак, штетата да е исправена);

8.4.1.4 секаква дополнителна финансиска неповолност за третото лице ако производот на третото лице не може да се продаде или може да се продаде само по намалена цена. Но осигурувачот нема да обезбеди обесштетување за оваа финансиска неповолност во соодносот каков што е оној на продажната цена на производот на осигуреникот со продажната цена што би можела да се постигне за производот на третото лице доколку производот на осигуреникот бил произведен и испорачан без никакви дефекти;

8.4.1.5 трошоци што ги направило третото лице за чистење и за повторно монтирање на машина или опрема;

8.4.2 штети на трети лица што се резултат на неисправни производи што ги доставил осигуреникот, а што потоа се процесираат или се третираат од страна на третото лице без комбинирање, мешање или соединување со други производи на третото лице. Несоодветните упатства за употреба или за примена на произведените или на доставените производи од осигуреникот и набавката на производи што не ги исполнуваат нарачаните спецификации се сметаат за недостатоци во производството или во снабдувањето на осигуреникот.

Со осигурување се покриваат исклучиво само:

8.4.2.1 трошоци за обработка или третирање на неисправен производ со исклучок на цената на неисправниот/те производ/ди на осигуреникот, ако производот на третото лице што произлегува од оној на осигуреникот (краен производ) не може да се продаде;

8.4.2.2 трошоци како резултат на преработка на производот на третото лице (краен производ) што е законски потребно и економски разумно да се направи или за исправка на друга штета. Осигурувачот нема да ги надомести овие трошоци во соодносот каков што е оној на продажната цена на производот на осигуреникот со продажната цена на понатамошно

обработениот или третиран производ (во случај производот да бил преработен или, пак, штетата да била исправена);

8.4.2.3 секаква дополнителна финансиска неповолност за третото лице ако производот на третото лице (краен производ) не може да се продаде или може да се продаде само по намалена цена. Но осигурувачот нема да обезбеди обесштетување за оваа финансиска неповолност во соодност каков што е оној на продажната цена на производот на осигуреникот со продажната цена што би можела да се постигне за производот на третото лице (краен производ), доколку производот на осигуреникот бил произведен и испорачан без никакви дефекти;

8.4.2.4 трошоци што ги направило третото лице (директен клиент) за чистење и за повторно монтирање на машина или опрема;

8.4.3 трошоците направени од трети лица за отстранување, демонтирање и откривање на неисправните производи на осигуреникот (но не и нивните составни делови) и за инсталирање, прикачување или монтирање на производите што ги заменуваат неисправните производи, освен трошоците за набавка и испорака на овие производи за замена. Несоодветните упатства за употреба или примена на производите произведени или испорачани од осигуреникот и набавката на производи што не ги исполнуваат нарачаните спецификации се сметаат за недостатоци во производството или снабдувањето на осигуреникот.

Ако дефектот на производот може да се поправи на различни начини, со осигурување се покриваат само трошоците за најекономичниот начин..

8.4.3.1 Осигурителното покритие не важи доколку неисправни производи на осигуреникот биле инсталирани, прикачувани или биле вградени од страна на осигуреникот или од лица што дејствуваат во име на осигуреникот или биле инсталирани, прикачени или вградени по упатства на осигуреникот или за сметка на осигуреникот.

8.4.3.2 Трошоците за испорака на нови или за замена со исправни производи што осигуреникот ги произведува или доставува до трето лице не се опфатени со покритието.

8.4.4 штети на трети лица што се резултат на недостатоци во нивните производи што се произведени или обработени со грешка од машината што е испорачана (или сервисирана или поправена) од страна на осигуреникот. Несоодветните упатства за употреба или за примена на машината што осигуреникот ја произведува, ја добавува (или ја сервисира или поправа) и набавката на машината што не ги исполнува нарачаните спецификации се сметаат за недостатоци во производството или во снабдувањето на осигуреникот.

Со осигурување се покриваат исклучиво само:

8.4.4.1 загуби поради оштетување или уништување на производите што се произведени, што се користат или обработуваат со машините на осигуреникот или со други машини што осигуреникот ги сервисира или ги поправа, под претпоставка дека овие загуби не се покриени со одредбите во став 1.5 во овие услови

8.4.4.2 трошоци за производите на третото лице што се залудно/непотребно потрошени кога тие се обработуваат со машините на осигуреникот или други машини што осигуреникот ги сервисира или ги поправа;

8.4.4.3 други трошоци што се залудно/непотребно направени за производство или преработка на производите на трето лице;

8.4.4.4 дополнителни трошоци како резултат на повторна обработка на производите што се произведени, што се користат или обработуваат со помош на машините на осигуреникот или со други машини што осигуреникот ги сервисира или ги поправа, а што е законски потребно и економски разумно да се направат, или за друга поправка на штета;

8.4.4.5 секаква дополнителна финансиска неповолност што настанала бидејќи производите што се произведени се користат или обработуваат со помош на машините на осигуреникот или со други машини што осигуреникот ги сервисира или поправа не можат да се продадат или можат да се продадат само по намалена цена;

8.4.4.6 трошоци што ги направило третото лице (директен клиент) за чистење и за повторно монтирање на машината и опремата.

8.4.5 Посебни одредби

Спротивно на став 1.2 од овие услови, осигурен случај е испораката на неисправен производ (или машина) на осигуреникот или предавање на неисправно извршена услуга или поправка на машини (во натамошниот текст скратено „испорака“).

Осигурителното покритие важи доколку испораката е извршена за времетраење на осигурителното покритие и отштетното побарување е пријавено кај осигурувачот најдоцна две години по раскинувањето на договорот за осигурување.

8.4.6 Сериски штети и сериски штетни настани

Спротивно на став 1.3 од овие услови неколку набавки/испораки се сметаат за еден осигурен случај доколку предизвикуваат штети што произлегуваат од иста причина. Штетите што се предизвикани од неколку испораки од ист вид причина и во ист временски контекст, исто така, се сметаат за еден осигурен случај доколку постои правна, економска или техничка врска меѓу овие причини.

Тие се собираат, без оглед на временскиот период откако започнал периодот на осигурување. Се смета дека сите овие испораки биле испорачани на денот на првата таква испорака.

8.5 Чисто економски штети поради непредвидени препреки

Без оглед на исклучувањето во став 6.29 од овие услови , осигурителното покритие се проширува за да ја опфати одговорноста на осигуреникот за штета кон трети лица со кои осигуреникот нема договорни односи од чиста економска загуба предизвикана од непредвидени препреки како резултат на работни активности – особено за уривање, изградба, монтажа, утовар, складирање, одржување, советување и слично.

Прекршувањето на преддоговорните должности за заштита и длабинска анализа се смета дека е исто како и за договорните обврски.

8.6 Чисто економски штети

И покрај исклучувањето во став 6.29 од овие услови осигурувачот ќе го обесштети осигуреникот за сите износи што осигуреникот е законски обврзан да ги плати како отштета поради чисти економски загуби врз основа на одредбите на граѓанското право што ја регулираат одговорноста за штети кон трети лица.

8.6.1 Осигурен случај

Спротивно на став 1.2 од од овие услови дефиниција за осигурен случај е извршено дело или пропуст што ги предизвикало тие чисто економски штети.

8.6.2 Сепак, ова покритие не се однесува на загуби, штети или трошоци поради условите на загадување или коишто произлегуваат од нив, како што е дефинирано во исклучокот 6.25.3 од овие услови ниту на какви било

загуби, штети или трошоци поврзани со одговорност за производи.

8.6.3 Ова покритие не се однесува на штети што се резултат на:

а) производи што ги произведува или ги доставува осигуреникот, или работа што ја врши осигуреникот (или трети лица по насоки или за сметка на осигуреникот);

б) штети од постојани емисии (на пр. бучава, мирис, вибрации);

в) повреда на заштитени права од индустриска сопственост и авторски права; како и на законите за монопол и конкуренција;

г) активности за планирање, советување, надзор при градба или монтажа, истрага или проценка;

д) непочитување на временските ограничувања, крајните рокови, проценките и понудите;

ѓ) неисполнување или ненавремено исполнување на договорните обврски;

е) активности во врска со пари, кредити, осигурување, недвижен имот, лизинг или слични комерцијални трансакции, преку платежни трансакции од секаков вид, управување со готовина и преку неверство и проневера;

ж) активности во врска со обработка на податоци, рационализација и автоматизација;

з) губење на предмети, на пр., готовина, чекови, хартии од вредност и вредни предмети;

ѕ) непочитување на правилниците во законите за јавни набавки;

и) лиценцирање;

ј) прекршување на правата за заштита на лични податоци;

к) давање информации, преведување, како туристичка агенција и туристички оператот;

л) совети, препораки или упатства или инструкции до економски поврзани претпријатија; соодветните пропусти, како и неисправните или пропуштени контролни активности се сметаат за еквивалентни;

љ) рекламирање;

м) финансиска загуба што ја претрпеле осигурените лица поради прекршување на должноста при извршување на своите деловни активности како органи на управување на осигуреникот или кои се на слична позиција (директор за надзор, член на советодавна комисија, извршен директор, генерален директор, директор и сл.) кај осигуреникот, комапнија во групација, економски поврзано претпријатие или некоја друга компанија како трето лице (т.н. штети од одгооврност на директори и раководни лица).

8.6.4 Серија штети

Спротивно на став 1.3 од овие услови неколку извршени дела или неколку пропусти се сметаат за еден осигурен случај доколку предизвикуваат штети што произлегуваат од иста причина. Штетите што се предизвикани од неколку извршени дела или неколку пропусти од ист вид причина и во ист временски контекст, исто така, се сметаат за еден осигурен случај доколку постои правна, економска или техничка врска меѓу овие причини. Тие се собираат, без оглед на временскиот период откако започнал периодот на осигурување. Се смета дека сите овие случаи биле извршени на денот кога првото дело или пропуст се случило.

Ограничен период на известување

8.6.5 Со осигурителното покритие не се опфатени оштетните побарувања и штетите што се пријавени кај осигурувачот после една година и повеќе од раскинувањето на оваа полиса доколку поинаку не е договорено.

8.6.6 Територијално важење на покритието

Точка 3 од овие услови се применува аналогно во однос на осигурените настани дефинирани точка 8.6.1 погоре.

**8.7 Штети на подвижен имот на кој што се работи**

Спротивно на став 6.11 од овие услови се покриваат штети на подвижен имот што произлегуваат или се поврзани со користење на имотот, негово транспортирање, обработка или каква било друга активност, вклучувајќи ја секоја последователна економска штета што настанала како резултат на таа имотна штета.

Покритието не се однесува на штета на подвижен имот предизвикана од користење/третирање, понатамошна обработка и/или доработка за време на важење на договорот(на пр. понатамошна или финална обработка) од осигуреникот.

**8.8 Штети на неподвижен имот на којшто се работи**

Спротивно на став 6.11.2 од овие услови , се покриваат штети на оние делови од недвижен имот што се директен предмет на обработка, користење или друга активност на осигуреникот, вклучувајќи ја секоја последователна економска штета што настанала како резултат на таа имотна штета.

**8.9 Штети на изнајмени (не закупени) објекти или простории (“Одговорност на закупец”)**

8.9.1 Без оглед на исклучувањетотав 6.10 од овие услови покритието се проширува за да ја опфати одговорноста за причинети штети кон трети лица во врска со следново:

а) Оштетување на изнајмени (незакупени) објекти или простории што осигуреникот целосно или делумно ги користи за вршење на своите деловни активности;

б) оштетување на системи и на инсталации што се користат во самите објекти или простории споменати погоре (како што се системите за греење и за вентилација, клима уредите, санитарните инсталации, лифтовите и подвижните скали).

8.9.2 Покритието во ставот 8.9.1 погоре не се однесува на следново:

а) Оштетување на делови од објектот или од просториите што ги користат и други закупци (под закуп или под наем) или самиот сопственик (на пр., скали, гаражи);

б) Загуба како резултат на постојана изложеност на влага или друга штета што се претрпела со текот на времето (штета од абење, оштетување на тапети и промена на боја и сл.);

в) Трошоци за поправка на имот до неговата првична состојба после некоја намерна измена/модификација од осигуреникот или направена на барање на осигуреникот;

Оштетување на намештај, машини и инсталации што не се користат само во објектите или во просториите споменати погоре, дури и ако намештајот, машините и инсталациите се трајно вметнати во објектите или во просториите.

**8.10 Подизведувачи**

Со осигурувањето се опфаќа одговорноста на осигуреникот за штети предизвикани од страна на подизведувачи на осигуреникот под услов нарачаните услуги да одговараат на осигурените активности како што е дефинирано во полисата.

Ако поинаку не е договорено, не се осигурува личната одговорност на подизведувачот од осигуреникот и одговорноста на неговиот персонал

**8.11 Проширено територијално покритие (Европа)**

8.11.1 Отстапувајќи од ставот 3.1 од овие услови , покритието важи за сите европски земји. Поимот Европа треба да се разбере географски. Покритието исто така, се однесува и на неевропските области кои

влегуваат во територија на европските држави (на пр. Канарските Острови, Мадеира, Азорските Острови), Грузија и Турција.

8.11.2 Покритието според став 8.11.1 погоре се однесува само на следниве осигурени случаи во странство:

а) штети поради службени патувања или учество на изложби и трговски саеми,

б) штети предизвикани од производите на осигуреникот кои стигнале таму без осигуреникот да ги достави, или од производите што осигуреникот ги испорачал таму;

в) штети од монтажа, одржување (вклучувајќи инспекција и услуги на клиенти), поправка и градежни работи, како и од поседување и користење на подвижна, работна опрема за извршување на оваа работа.

8.11.3 Покритие не се обезбедува ако проценката на штетата и ликвидацијата или исполнувањето на другите обврски од страна на осигурувачот го попречат државни органи, трети лица или осигуреникот

Доколку која било од одредбите од овие услови се во спротивност со локалните задолжителни закони, тогаш ќе важат одредбите од локалниот закон.

Бр. 02-45441/2
Датум 29.12.2025 година

Претседател на Управен одбор
Бошко Андов